**ЗАПИСНИК**
**од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 16.03.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).**

**Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска, го заменуваше директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по овластување бр.03-4932/1 од 31.12.2021 година.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.03.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.03.2022 година.
3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.03.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.03.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година. Објасни дека на 8-та седница одржана на 03.03.2022 година Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на наведениот радиодифузер затоа што не го плати годишниот надоместок во предвидениот рок, односно 30 дена од денот на приемот на фактурата која што Агенцијата му ја издаде. Во таа насока Агенцијата го извести радиодифузерот дека доколку не го плати потребниот износ Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот за покренување на постапка ќе му ја одземе дозволата за радио емитување. На 14.03.2022 година наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 11.288,00 денари со што годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост. Од таа причина доставен е предлог до Советот да се запре покренатата постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е една позитивна вест што овој радиодифузер успеал да ги уплати средства. Изрази надеж дека следната година ќе биде во подобра финансиска состојба и нема повторно да се доведе до ваква ситуација.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година.

На 14.03.2022 година наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 11.288,00 (единаесет илјади двесте осумдесет и осум) денари со што годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-999/3**

**18.03 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**